Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ),член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на ден 19.06.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација и промена на границите на ГП 20.114 и ГП 20.115 од ДУП за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20, УЕ II, мв Трпезица, КО Велес, Општина Велес (донесен со одлука бр. 25-2022/3 од 03.05.2017)

### Член 1

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација и промена на границите на ГП 20.114 и ГП 20.115 од ДУП за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20, УЕ II, мв Трпезица, КО Велес, Општина Велес (донесен со одлука бр. 25-2022/3 од 03.05.2017) со опфат со вкупна површина од 1365 м².

### Член 2

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М." бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25,101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација и промена на границите на ГП 20.114 и ГП 20.115 од ДУП за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20, УЕ II, мв Трпезица, КО Велес, Општина Велес (донесен со Одлука бр. 25-2022/3 од 03.05.2017), изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, со тех бр 315/25 од Февруари 2026 година, ревидиран од „Друштво за проектирање, производство, трговија и услуги ФОРМИ Јорго ДООЕЛ увоз-извоз, со тех.бр. 09-09/57 од 04.2026.

### Член 3

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација и промена на границите на ГП 20.114 и ГП 20.115 од ДУП за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20, УЕ II, мв Трпезица, КО Велес, Општина Велес (донесен со одлука бр. 25-2022/3 од 03.05.2017).

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 09-2841/44
19.06.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
-Одделение за поддршка на градоначалникот;
-Одделение за урбанизам и
-Списи и архива.

Marko Kolev

Digitally signed by Marko Kolev
Date: 2026.06.29 13:25:49 +02'00'